Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК

## ОД 4–ТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 30 ДЕКЕМВРИ 2015 ГОДИНА

Изготвил
Адмир Шабани

**ЗАПИСНИК**
од четвртата седница на Државната изборна комисија

Четвртата седница на Државната изборна комисија се одржа на 30 декември 2015 година во салата за седници во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 20:20 часот.

На седницата присуствуваа:

**Александар Чичаковски** - Претседател на Државната изборна комисија
**Реџеп Прекопуца** – Потпретседателот на Државната изборна комисија.
**Атанас Урумов**- Член на Државната изборна комисија
**Силвана Бонева** - Член на Државната изборна комисија
**Сашо Срцев** - Член на Државата изборна комисија
**Субхи Јакупи**- Член на Државата изборна комисија
**Виолета Дума** – Член на Државната изборна комисија
**Игор Милев**- Член на Државната изборна комисија, и
**Бедредин Ибраими**- Член на Државната изборна комисија

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Александар Чичаковски.

За оваа седница беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Предлог –Одлука за именување на Генерален секретар на Джавната изборна комисија, и**

2. **Разно;**

Со оглед на тоа дека немаше предлози за измена и дополнување на дневниот ред Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, истиот го стави на усвојување:

**Комисијата едногласно го усвои дневниот ред.**

Точка 1

Во врска со првата точка од дневниот ред Претседателот на ДИК укажа дека на ден 29.12.2015 година во 18:00 часот, во просториите на ДИК, Комисијата за избор на генерален секретар на ДИК одржа состанок заради спроведување на административна селекција на пријавените кандидати за генерален секретар на ДИК по јавниот повик бр. 03-2027/1 од 22.12.2015 година, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Коха“.На состанокот присуствуваа членовите на Комисијата и тоа Претседател на комисија Александар Чичаковски, членовите Атанас Урумов и Реџеп Прекопуца.Комисијата констатираше дека на објавениот јавен повик, се пријавени вкупно 14 кандидати.Комисијата , согласно член 11 од Правилникот за постапката и начинот на изборн на Генерален секретар на ДИК бр.02-2026/1 од 22.12.2015 година, изврши проверка на условите и доставените докази и по извршениот увид констатираше дека условите од објавениот јавен повик ги исполнуваат следните кандидати:Адмир Шабани, Добре Јанчев, Благоја Стојковски, Раметула Кучи, Чедомир Дамјановски, Музафер Камбери, Билјана Ризова, Миљазим Мустафа и Игор

Кузевски.Кандидатите кој не ги доставиле сите потребни документи се: Авни Абдулаи, Вјолца Селими Османи, Трајче Божинов, Љупка Дупкарска, Музафер Камбери и Емрије Зубери која со барање бр.04-2027/16 од 29.12.2015 година ја повлече пријавата бр.04-2027/11 од 28.12.2015 година.

За кандидатите кои не ги исполнуваат условите, постапката за селекција заврши.

Во однос на останатите кандидати кои ја поминаа административната селекција, комисијата пристапи кон бодување односно рангирање на кандидатите согласно критериумите утврдени вочлен 13 од Правилникот за начинот и постапката за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија, при тоа се констатира дека: Адмир Шабани има вкупно 14 бода, Добре Јанчев има вкупно 21 бод,Благоја Стојковски има вкупно 19 бода,Раметула Кучи има вкупно 13 бода, Игор Кузевски има вкупно 15 бода, Чедомир Дамјановски има вкупно 13 бода, Билјана Ризова има вкупно 18 бода и Миљазим Мустафа има вкупно 16 бода.

По завршување на бодирањето на кандидатите , Комисијата изготви ранг листа на најуспешните кандидати и тоа :

1. Добре Јанчев-21 бод
2. Благоја Стојковски-19 бода
3. Билјана Ризова – 18 бода
4. Миљазим Мустафа -16 бода
5. Игор Кузевски -15 бода.

Согласно Правилникот за начинот и постапката за избор на Генерален секретар на ДИК, со петте најуспешни кандидати беше направено интервју. По направеното интервју и тајното оценувањето на кандидатите од страна на Државната изборна комисија, Комисијата за избор на Генерален секретар на ДИК изврши сумирање на добиените оценки за секој кандидат посебно при што вкупната оценка од интервјуто на кандидатот беше поделена со 9. Резултатите од извршеното интервју се следните:

1. Добре Јанчев – оценка 7
2. Благоја Стојковски –оценка 5.8
3. Билјана Ризова-оценка 5.4
4. Миљазим Мустафа-оценка 7.3
5. Игор Кузевски –оценка 7.8

Комисијата за избор на Генерален секретар на ДИК, пристапи кон сумирањето на добиените бодови и добиената просечна оценка на интервјуто за секој кандитат при што беше направено и конечното рангирање на кандидатите и тоа:

1. Добре Јанчев-вкупно 28 бода
2. Благоја Стојковски-вкупно 24.8 бода
3. Билјана Ризова-вкупно 23.4 бода
4. Миљазим Мустафа- вкупно 23.3 бода, и
5. Игор Кузевски –вкупно 22.4 бода

Од добиените резултати, Комисијата констатира дека три најдобро пласирани кандидати се:

1. Добре Јанчев-вкупно 28 бода
2. Благоја Стојковски-вкупно 24.8 бода, и
3. Билјана Ризова-вкупно 23.4 бода

**Поради тоа, Комисијата предложи како предлог за генерален секретар на ДИК да го предложи прво рангираниот кандидат Добре Јанчев.**

Во врска со првата точка од дневниот ред за збор се јави членот на ДИК Субхи Јакупи при што укажа дека имајки ја предвид целата постапка како е дојдено до рангирањето на кандидатите најзадоволен е од интервјуто бидејки од поставените прашања до кандидатие задоволни сме сите од добиените одговори, но воодушевен е од двајца од кандидатите кои се од надвор односно не се вработени во ДИК, и дека за истите тие двајца кандидати дека се одлични сметаат и сите од Комисијата и тоа стои и во бодирањето на кандидатите од интервјуто.Исто така укажа дека му е жал за двајцата кандидати кои се од надвор а кои беа најуспешни во интервјуто.Исто така укажа дека е скептичен во една друга насока односно да не се мисли дека ние тука размислуваме само на етничка припадност а не на квалитет, напротив прво размислува за квалитет а потоа за етничката припадност на кандидатот, но за жал произлегува дека со овој начин на рангирање албанците пак не можад да добијат место иако се работи за квалитетен кадар. Во една институција каде што албанец не може да биде претседател тогаш сигурно место му е замееничкото, или ако не една институција неможе да биде Генерален секретар тогаш го добиваше местото на заменик генерален секретар како што беше и досега, но сега во ДИК нема место за заменик генерален секретар и произлегува сегашната ситуација. Исто така наведе дека по сите медиуми беше изнесено дека од работната група заедно со олеснувачот на преговорите е договорено генералниот секретар на ДИК да биде албанец, но од критериумите што ги воведовме и од добиеното рангирање по истите произлегува дека генерален секретар на ДИК не може да биде избран албанец, значи ако имало таков договор истиот не може да се спроведе на ваков начин.Исто така наведе дека според неговото рангирање во интервјуто во првите три кандидати не би влегле Благоја Стојковски и Билјана Ризова, но овие критериуми мора да се почитуваат.

Поради горенаведеното укажа дека нема да учествува во гласањето за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија, иако ги подржал критериумите.

Членот на ДИК, Бедредин Ибраими, укажа дека со внимание ги слушнал излагањата околу текот на постапката за стеснувањето на кругот на пријавените кандидати како и записникот од интервјуто и оценката на кандидатите, исто така наведе дека бил поборник да се оди со јавен повик и истиот придонел да имаме квалитетни кандидати кои не се вработени во ДИК, исто така донесовме и правилник според кои се предвидуваат постапките и бодирањето на кандидатите и согласно тоа е дојдено до овој предлог.Исто така наведе дека е точно дека кандидатот Миљазим Мустафа кој се пласираше во првите пет остави добар впечаток во интервјуто, но тоа не значи дека и други те кандидати кои исто така беа албаници немаше да оставаат исто така добар впечаток иако истите не се пласираа во првите пет најдобропласирани а имаа 1 или два бода помаслку од пласираните.

Причината зашто другиот кандидат албанец не е пласиран во првите пет е таа што истиот не е државен советник по звање, сега се поставува и прашањето не припадноста на политичка партија, затоа што ако некој не дел од власта нема шанси да има добра позиција, и само поради оваа прашање некои од кандидатите не се пласираа, исто тка наведе дека добар впечаток оставил и кандидатот Игор Кузевски како што би можеле да оставаат добар впечаток и останати кандидати но само поради тоа што немаат добра позиција во структурите на институциите не можат да се пласираат.Исто така неведе дека ако веќе се дистанцираме тогаш треба тој прв да се дистанцира, но наведе дека овдека место за патриотизам нема и ако има одредени правила тогаш треба истите да се почитуваат и да се оди на гласање онака како што предвидува Правилникот за начинот и постапката за избор на Генерален секретар на ДИК.

Членот на ДИК, Силвана Бонева истакна дека е спроведена транспарентна постапка во однос на изборот на најдобар генерален секретар на ДИК. Таа наведе дека идејата беше да се одбере генерален секретар со консензус со оглед на фактот дека сите членови на ДИК треба со него да работат. Таа останува на својата намера да се постигне консензус и да нема иземање од гласање. За таа цел, побара да се прекине овде седницата и да се продолжи следниот ден. Според неа потребно е време да се размисли бидејќи не треба да се одлучува додека еден претставник на

политичка партија не учествува во седницата. Добро е да се остави време за да се разменат уште мислења и во текот на следниот ден да се продолжи седницата.

Членот на ДИК, Игор Милев наведе дека во делот на спроведување на постапката, истата беше транспарентна, објективна и законска. Тој го изрази своето задоволство за тоа што беше донесен и соодветен Правилник со консензус по пат на кој и е постигнат овој резултат, односно преку бодирањето на кандидатите рангирани се тројцата највисоко оценети кандидати од кои треба да се направи понатаму изборот. Според него одлагањето на седницата не е во полза на Државната изборна комисија, бидејки на тој начин не може да се избере генерален секретар, односно тој смета дека ако денес некој член не сака да гласа, тој нема да сака да гласа ни на следната седница и оттука само одложувањето на донесувањето одлука нема резултат. Согласно изборниот законик се одлучува со мнозинство гласови, односно не секогаш мора да има консензус при донесувањето на одлуката. Тој смета дека треба да се направи напор, да се направи уште еден разговор и да се премине кон гласање. Тој ги замоли колегите со оглед на тоа дека е сериозна работата, на оваа седница да се заврши со оваа обврска, бидејќи сепак беа дадени рокови за избор на Генерален секретар.

Членот на ДИК, Сашо Срцев појасни дека колешката Силвана Бонева даде предлог да се гласа за тоа да се прекине седницата и затоа истиот треба да биде ставен на гласање.

Членот на ДИК, Виолета Дума истакна дека треба да се почитуваат роковите кои беа определени. Таа смета дека членот Субхи Јакупи сам одлучил дека не сака да гласа и таа негова одлука нема да се промени. Тој го користи своето право да не гласа. Од друга страна, таа истакна дека иако членовите се претставници на политички партии, тоа не значи дека за да се реализира некаква партиска задача треба да се кочи работата на целата Комисија. Кандидатите се утврдени со збир на бодови согласно Правилник донесен со консензус. Таа наведе дека впечаток оставиле и други кандидати, но бројките покажуваат дека треба да се гласа за овие тројца кандидати. Во случај доколку не се одбере никој, постапката ќе се повтори. Нема потреба од дополнителна координација. Бодовите кои кандидатите ги добиле се веродостојни и без разлика кога ќе се гласа, нема да има промена на истите. Таа наведе дека инсистира да се одлучи веднаш, односно да не се прекинува седницата. Таа додаде дека не е доволно интервјуто, сепак се гледа и образованието, како и другите критериуми, па според тоа оценките биле дадени и сите треба да си стојат на тоа.

Членот на ДИК, Силвана Бонева одговори дека сите членови дадоа оценки и Правилникот беше едногласно усвоен. Според неа се работи за желбата да има консензус да се избере Генерален секретар. Затоа беше побарано прекинување на седницата. Тука никој не е инструмент на партијата, сите и сакаат добро на државата и сакаат да има фер избори. Таа наведе дека откако го слушнала колегата Субхи Јакупи за неговата причина да не учествува во гласањето заради политичкиот договор, не сака да се избере Генерален секретар на овој начин, со делење меѓу членовите. Нејзин предлог бил вечерва да се прекине седницата и друг ден да продолжи. Затоа таа го замоли Претседателот предлогот за прекинување на седницата да се стави на гласање.

Членот на ДИК, Бедредин Ибраими наведе дека доколку имало договор, а кандидатот за кој имало договор не е во овие тројца кандидати, процесот назад не може ни да се врати. Сепак, треба да се гласа макар и никој да не биде избран. Доколку имало било каков договор, тој кандидат не е во овие тројца.

Членот на ДИК, Игор Милев наведе дека тој и членот Виолета Дума не сакаат да се прекине седницата, дека не треба тие да бидат кочница за изборот на Генерален секретар. Тој смета дека не може да се постигне консензус и одложувањето на седницата би било само на штета на ДИК.

Членот на ДИК, Сашо Срцев истакна дека точно е дека Правилник беше донесен, дека Комисијата ја заврши својата работа, постапката беше транспарентна и дека се јавија повеќе

кандиодати. Но, тој исто така наведе дека итноста на донесувањето на Правилниците за утврдување на методологиите заради кои Државната изборна комисија работела до касно во ноќта не може да се поистовети со изборот на Генерален секретар, односно не постои толкава итност да се донесе одлука за избор на Генерален секретар веднаш. Нормално дека секретар е потребно да се избере и тој ќе биде избран, но тој смета дека не е толку итно викендов тој да биде избран. Оттука, смета дека треба да се прекине седницата бидејќи сепак можно е да се дојде до консензус, а за тоа треба малку да се размисли и да се остави време. Покрај ова, тој истакна дека не треба воопшто да се споменуваат тука партиите и тука не се донесуваат одлуките партиски, така и Правилниците не биле донесени со партиски одлуки. Затоа, тој смета дека предлогот да се прекине седницата треба да се прифати.

Членот на ДИК, Игор Милев истакна дека потреебно е да се одлучи вечерва бидејќи тоа е најдобро за целата држава. Тој наведе дека како што им е познато на сите и претставниците на ЕУ инсистираа генерален секретар да се избере веднаш, така што нема потреба да се остава време да се размислува уште. Тој наведе дека инсистира веднаш да се избере Генерален секретар и да не се прекинува седницата.

Членот на ДИК, Бедредин Ибраими наведе дека според него не е фер и коректно од страна на еден член на ДИК да одлучи да не гласа, бидејќи сепак се работи за една легитимна постапка. Сепак, тој наведе дека потребно е да се гласа, а дали ќе биде избран Генерален секретар не се знае. Според него недостаток е тоа што на седницата нема новинари, бидејќи на тој начин поинаку ќе било дискутирано. Сепак, тој сепак смета дека членот Субхи Јакупи има право да не го даде својот глас. Сите членови според него треба да се држат до Правилникот и согласно Дневниот ред треба да се пристапи кон гласање. Дневниот ред усвоен од страна на сите членови треба да се почитува.

Членот на ДИК, Силвана Бонева истакна дека таа не бара начини на одлагање на избор на Генерален секретар. Според неа тоа не е целта, таа ја наведе претходно целта. Оттука, таа побара предлогот да се прекине седницата да биде ставен на гласање.

Членот на ДИК, Атанас Урумов наведе дека досегашната постапка одлично се одвивала, демократијата во целост била запазена. Тој истакна дека сепак консензус треба да се постигне во однос на ова прашање. Тој побара да се постигне компромис меѓу членовите и да се донесе одлука меѓу сите членови.

Членот на ДИК, Бедредин Ибраими наведе дека седницата немаше да го добие тој тек доколку на листата на кандидати не беше кандидатот на четвртото место. Да не беше овој кандидат меѓу петте, одлука до сега ќе била донесена. На пример кандидатот кој тој го преферира го нема воопшто на листата, па сепак тој смета дека треба да учествува во гласањето. Затоа и инсистирал седницата да биде јавна. Тој не остапува од постапката да се гласа за првите тројца кандидати.

Членот на ДИК, Виолета Дума истакна дека додека не беше дадена ранг листата од тројца кандидати, беше постигнат договор денес да се донесе одлука. Но, откако излезе оваа листа, колегите се предомислија и оттука е и нејзиниот заклучок дека се работи за политичка одлука. Не гледа штои би се сменило до утрешниот ден.

Членот на ДИК, Сашо Срцев истакна дека тие се членови на Државна изборна комисија и тука не треева воошто да се споменуваат политички партии. Спомнувањето на претставници на ЕУ исто така не е во ред. Тој наведе дека за сите нив како членови гласаат пратениците, односно тие не гласаат за ВМРО или СДСМ.

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски наведе дека донесувањето на Правилникот беше токму заради тоа да се избегнат било какви притисоци и етикетирање. Сепак треба членовите да се концентрираат на тоа каде ќе се одведе процесот. Тој наведе дека уште од самиот почеток

постоела можност постапката да се води според Законот за административни службеници или по јавен повик. Но, треба да се имаат предвид условите предвидени во Правилникот. Треба сите членови да се усогласат на кој начин ќе ја продолжат постапката.

Предлогот на членот на ДИК, Силвана Бонева , за одложување на седницата беше ставен на гласање.

**Комисијата со 4 гласа „ЗА" и 4 гласа „ПРОТИВ" се произнесе за предлогот на членот на ДИК, Силвана Бонева, при што се констатираше дека не е донесена одлука.**

**„ЗА" гласаа: Членовите на ДИК, Силвана Бонева, Сашо Срцев, Атанас Урумов и Бедредин Ибраими.**

**„ПРОТИВ" гласаа Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, Потпретседателот на ДИК, Реџеп Прекопуца и членовите Виолета Дума и Игор Милев.**

Во гласањето не учествуваше членот на ДИК Субхи Јакупи.

**Седницата на ДИК прекина во 21: 45 минути**

**Продолжението на седницата Комисијата одлучи дополнително да го договори.**

**4-та седница на Државната изборна комисија продолжи на ден 4-јануари 2016 година во 15:00 часот.**

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски го отвори продолжението на 4-та седница на ДИК, при што констатираше дека на продолжението на истата присутни се сите 9 членови на Комисијата и дека има кворум за работа.Исто така укажа дека на седницата се повикани и претставници на невладини организации кои ја следат работата на ДИК.

Претседателот на ДИК, уште еднаш ги информираше присутните за активностите кои ги превземала ДИК за избор на Генерален секретар.
Членот на ДИК, Субхи Јакупи, уште еднаш напомна дека поради веќе иснесените причини во првото продолжение на седницата, нема да учествува во гласањето за избор на Генерален секретар на ДИК, и ја напушти седницата.

По даденото образложение за чекорите и постапката за избор на Генерален секретар на ДИК, а со оглед на тоа дека никој друг од присутните не се јави за збор, Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, како предлог за избор на Генерален секретар на ДИк, го предложи Добре Јанчев, како прво рангиран од листата на тројца најуспешни кандидати.

Комисијата со 5 гласа „ЗА" и 3 гласа „ПРОТИВ" , за Генерален секретар на ДИК беше избран, Добре Јанчев.

„ЗА" гласаа : Претседателот на ДИК Александар Чичаковски, Потпретседателот на ДИК, Реџеп Прекопуца и членовите на ДИК Атанас Урумов, Виолета Дума и Игор Милев.

„ПРОТИВ" гласаа: членовите на ДИК, Силвана Бонева, Сашо Срце и Бедредин Ибраими.

Точка 2 –Разно

Со оглед на тоа дека немаше пријавени за дискусија односно не беа покренати прашања под точката Разно, Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја заклучи седницата.

4-та седница на ДИК заврши на ден 04 Јануари 2016 во 15:15 часот

Број 08-406/1
11.02 2016
Скопје

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Александар Чичаковски

*НАПОМЕНА:*
*Составен дел на овој записник е аудио снимка од седницата*